РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-4118/9
17.10.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 09.10.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ.

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Весна Симоновска, Јетон Исмаили, м-р Горјан Шеќеринов, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Ајдини ја отвори 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Ајдини потсети дека членовите на Советот дополнително добија материјал за уште една точка со наслов „Предлог за поведување прекршочна постапка на Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ". Во таа насока предложи да се надополни дневниот ред со Точка 8 со што следната точка „Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Електрична енергија" ќе биде Точка 9 и Точка 10 - Разно.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за", го усвои следниот дополнет дневен ред:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 13-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.09.2024 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.09.2024 година.

3. Предлог-одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Битола, со Предлог-конкурсна документација и Предлог-пријава.
4. Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица.
5. Предлог-водич за мониторинг на говорот на омраза – второ дополнето и изменето издание.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ.
7. Предлог за поведување прекршочна постапка на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево за прекршување на член 67 став 6 од ЗААВМУ.
8. Предлог за поведување прекршочна постапка на Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
9. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Електрична енергија.
10. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од Методија Јанчески го усвои предложениот Записник од 13-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.09.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.09.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Битола. Објасни дека Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права ја изработи Студијата со која што се утврди оправданост за распишување конкурс за доделување на дозвола за локално радио во општина Битола. Во Студијата е анализирана постојната медиумска состојба на ова локално подрачје, потоа економските перформанси на постојните радиодифузери и економскиот потенцијал на пазарот. Исто така се водеше

сметка за исклучително важната општествена улога на локалните медиуми, која што се огледа во понудата на информации за случувањата во рамките на подрачјето што тие го покриваат, како и фактот дека тие треба да претставуваат платформа каде што ќе се отвораат значајни прашања, ќе се дискутираат прашања за конкретни проблеми со кои се среќаваат граѓаните на соодветното подрачје, и ќе се бараат начини за нивно надминување што секако треба да доведе до подобрување на квалитетот на животните услови на тоа подрачје. Наведе дека во овој момент во Битола програма емитуваат две локални радиостаници но и едното и другото емитуваат по само два часа програмски содржини што третираат настани, информации и други содржини од значење за локалното подрачје. Ги анализирале нивните економски перформанси во контекст на економскиот потенцијал на пазарот кој што за Битола е значаен според бројот на потенцијалната публика, вкупниот број на население кој е на второто место од македонските општини, а исто така и според бројот на активните деловни субјекти. Во таа насока објасни дека постои реален економски потенцијал и публика и потенцијални огласувачи во активните деловни субјекти, а овие две радиостаници остварувале во изминатите три години, видливо пониски вкупни приходи, приходи од реклами, од на пример радиостаници кои работеле во некои локални подрачја каде што потенцијалот е многу помал, што значи успеале да остварат позначајни резултати, отколку битолските радиостаници. Тоа укажува на фактот дека потенцијалот на овој пазар не е оптимално искористен и дека со доделувањето на нова дозвола на уште една радиостаница што ќе емитува програма на ова подрачје ќе се зголеми квалитетот и медиумската понуда за жителите на ова подрачје. Посочи дека заклучокот кој произлезе од Студијата е дека постои оправданост на ова подрачје да се додели дозвола.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе даде поддршка за оваа точка. Наведе дека секогаш се радува кога ќе бидат или се во можност да почнат процедура или на крајот да изгласаат одлука со која ќе се доделува дозвола за некој нов медиум, радиодифузер кој што ќе емитува својата програма во македонскиот етер. Во општина Битола покрај двете комерцијални радиостаници е и непрофитното студентско универзитетско радио на универзитетот Климент Охридски Битола. Но и тоа, ако се земе предвид, е недоволно. Рече дека се согласува со тоа што го кажала раководителката Магдалена, дека потенцијалот на тој пазар е неискористен целосно. Дополни дека ако се знае дека огромен број од македонската дијаспора потекнува од тој крај, практично и летно време во голема бројка престојуваат во тој крај, дополнително зголемувајќи го капацитетот економски или перформансот економски, кој може да значи и подобра живејачка за самите медиуми, од тие причини е апсолутно оправдано да се отвори јавен конкурс и да се додели дозвола за уште едно локално радио.

Г-дин Ајдини рече дека се исполнети сите услови за објавување на овој конкурс, постои оправданост и има потреба. Од таа причина рече дека ќе даде поддршка за предлогот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на 1 (една) дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Битола, и тоа за програмски сервис говорно радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, на македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), и тоа: 100.5 MHz.

Дозволата ќе се додели за временски период од 9 (девет) години и не може да се пренесува на друго лице.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на РСМ", на веб-страницата на Агенцијата, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РСМ, а влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ".

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлог-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица. Објасни дека со Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од јули 2023 година, беа направени промени во член 50, а беше додаден и нов член 50а, кој што се однесува на заштита на личните податоци на малолетните лица. Оттаму, нужно е да се направат одредени измени во постојниот Правилник за заштита на малолетните лица, кој што датира од 2014. година. Советот усвои Нацрт- правилник на својата 29 седница одржана на 17-ти јули ова година и отвори јавна расправа во траење од 45 дена, која заврши на 2-ри септември. За време на расправата не пристигнаа предлози за измени или дополнување на нацрт текстот. Во предлог правилникот, доставен за оваа седница на Советот, предложени се неколку измени и дополнувања на првичниот текст усвоен од Советот како нацрт, чија цел е пред се јазично прилагодување на одредбите, за да можат да се применуваат и на новата категорија субјекти, инфлуенсери, влогери, креатори или по Закон од физички лица даватели на аудиовизуелни и медиумски услуги по барање. Направено е и соодветно дополнување на постојните одредби во однос на прашањето за означување на потенцијално штетните содржини за малолетните лица од страна на оваа нова категорија субјекти. Станува збор за измени и дополнувања на членовите 3, 4, 5, 8, 19, 20 и 27 од постојниот Правилник. Во материјалите за седница се доставени двата правилника. Во втората верзија сите измени се означени со црвена боја за точно да се види каде се правени прилагодувањата на текстот во однос на Нацрт документот. До Советот се предлага да се усвои Предлог-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица, како што е предложен, кој ќе се објави во Службен весник на Р.С. Македонија, а потоа како пречистен текст да се достави до радиодифузерите и до давателите на услуги видео по барање и секако да се објави на веб страницата на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица, да го објави во „Службен весник на РСМ" и на веб страницата на Агенцијата.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст.

Горенаведениот подзаконски акт (пречистен текст) да се достави до радиодифузерите и до давателите на услуги видео по барање.

**Точка 5**

Раководителката Јаневска го образложи Предлог-водичот за мониторинг на говорот на омраза – второ дополнето и изменето издание. Објасни дека Советот на Агенцијата на својата 29-та седница усвои и Нацрт-водич за мониторинг на говорот на омраза – второ дополнето и изменето издание и отвори јавна расправа во траење од 45 дена. И оваа јавна расправа заврши на 2-ри септември, а за време на расправата не пристигнаа предлози за измена или дополнување на нацрт текстот. Во предлог водичот, доставен за оваа седница на Советот, не се направени суштински промени, но направени се повеќе корекции, поврзани со уточнување на деловите што беа преведени од англиски јазик, како и за ажурирање на фуснотите. Инаку, второто дополнето и изменето издание на водичот за мониторинг на говорот на омраза е подготвено во рамки на Твининг проектот од германски експерти, а потребата за изменување и дополнување на водичот произлезе од легислативни промени и во Европската регулатива и во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Се предлага Советот на Агенцијата да го усвои предложениот Водич за мониторинг на говорот на омраза, второ дополнето и изменето издание, кој потоа ќе се објави на веб страницата на Агенцијата и ќе се достави до радиодифузерите и до давателите на услуги видео по барање.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Водичот за мониторинг на говорот на омраза – второ дополнето и изменето издание, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Водичот за мониторинг на говорот на омраза – второ дополнето и изменето издание, да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Горенаведениот документ да се достави до радиодифузерите и до давателите на услуги видео по барање.

**Точка 6**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршувањето кај овој радиодифузер е констатирано со редовен надзор реализиран во август оваа година. Радиодифузерот доброволно презеде обврска во текот на 2024 година да емитува 30% музика на македонски јазик. Врз основа на неговото известување, а во согласност со член 80 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата му издаде фактура во која беше пресметано намалување од 30% на надоместокот за дозволата за радио емитување за 2024 година. Со надзорот реализиран на 6-ти август 2024 година беше констатирано дека радиодифузерот во периодот од 6 часот наутро до полноќ како што пропишува точка 4 од Насоките донесениот од Советот на Агенцијата, не емитува 30% односно емитуваше 5 часа, 55 минути и 23 секунди музика што е 26,57% од вкупно емитуваната музика во анализираното деноноќие, тоа се 22 часа, 17 минути и 33 секунди. Од оваа причина се предлага на радиодифузерот да му се изрече мерка јавна опомена со рок на усогласување од 20 дена, од денот на приемот на решението, потоа да се изврши контролен надзор со цел да се утврди дали радиодифузерот ќе постапи по изречената мерка јавна опомена, а доколку не постапи Советот во согласност со точка 13 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна

музика да донесе решение со кое што ќе го задолжи Трговското Друштво да го доплати износот за кој што на почетокот од годината му беше намален надоместокот за дозвола.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3587/1 од 27.08.2024 година и едногласно заклучи на ТРД РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика, затоа што на 6 август 2024 година, не емитуваше најмалку 30% музика на македонски јазик во периодот од 06 до 00 часот, од вкупно емитуваната музика во анализираното деноноќие.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена (дваесет) од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево за прекршување на член 67 став 6 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршувањето кај ТВ Гурра е констатирано со контролен надзор реализиран во периодот од 16-ти до 22-ри септември оваа година. На радиодифузерот му беше изречена мерка јавна опомена на јули оваа година, по извештај за извршен програмски надзор од 13-ти јуни. Посочи дека има дискрепанца во однос на периодот кога е направен контролниот надзор. Во фуснота од извештајот е потенцирано дека контролниот надзор бил пролонгиран затоа што радиодифузерот во периодот од 13-ти јуни, веднаш штом бил предаден извештајот за првичниот надзор, престанал да работи се до 3-ти септември оваа година, што исто така беше констатирано со извештај и поради што на 35-та седница на Советот беше доставен предлог за покренување постапка за одземање на дозволата, меѓутоа точката беше повлечена затоа што надлежниот сектор извести дека радиодифузерот започнал со работа. Од овие причини, контролниот надзор е направен дури од 16-ти до 22-ри септември. Со контролниот надзор е констатирано дека радиодифузерот не постапил по решението за изрекување мерка јавна опомена, односно не спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој што му е издадена дозволата за работа. Неделната анализа на програмскиот сервис најнапред покажа дека од потенцијалните 168 часа програма за една седмица, ТВ Гурра во анализираниот период, 53 часа 6 минути 40

секунди воопшто не емитуваше програма, а 114 часа 53 минути 20 секунди емитуваше исклучиво музички спотови. Односно, фактички е беспредметно да се прави проценка за спроведувањето на програмскиот концепт за кој радиодифузерот добил дозвола за работа, и воопшто не покажува никаков функционален новинарски ангажман, а последователно ниту каква било уредувачка контрола врз програмскиот сервис. Од овие причини се предлага согласно член 23 од Законот, Советот да донесе предлог за поведување прекршочна постапка против овој радиодифузер.

Г-дин Ајдини рече дека Советот е запознаен со проблемите кои ги има овој радиодифузер со неговата работа. Потсети дека пред извесно време на седница Советот даде одобрение за промена на сопственичката структура, па се надева дека ни тие како радиодифузер па и Советот и Агенцијата како регулатор нема да имаат проблеми и телевизијата ќе се придржува кон законските прописи за работа.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-4029/1 од 01.10.2024 на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево и утврди прекршување на член 67 став 6 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот програмски надзор е констатирано дека во еднонеделниот период од 16 до 22 септември 2024 година, не спроведуваше најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за телевизиско емитување.

Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 8**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка на Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека кај овој оператор пред неколку седници Советот изрече мерка јавна опомена бидејќи поголем број канали се реемитува без да бидат опфатени со потврда издадена за регистрација од Агенцијата. Но при контролниот надзор е констатирано дека повторно еден канал кој што не е опфатен со потврдата за регистрација се реемитува. И бидејќи прекршувањето се случува по втор пат за прекршување на член 141 од ЗААВМУ, се предлага да се започне прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-4170/1 од 08.10.2024 на Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот програмски надзор е констатирано дека Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје кое според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, на ден 08.10.2024 година за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „Tring Sport News“ кој не е опфатен со потврдата за

регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

**Точка 9**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Електрична енергија. Објасни дека станува збор за јавна набавка која е предвидена со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2024-та година. Според износот на проценетите средства набавката ќе се спроведе како отворена постапка со примена на одредбите од Законот за јавни набавки. Постапката ќе започне со објавување на оглас на електронскиот систем за јавни набавки и во Службен весник на РСМ. Наведе дека сите други податоци во врска со оваа набавка се наведени во материјалите кои што се доставени за седницата.

Г-дин Трајчевски нагласи дека оваа јавна набавка ќе се спроведе заедно со Министерството за спорт.

Раководителката Митревска објасни дека станува збор за групна набавка која што се спроведува секоја година, бидејќи така е поставеноста во Агенцијата. И Министерството за спорт имаат потреба од набавка на електрична енергија, така што набавката ќе биде спроведена откако ќе се потпише Договор за групна набавка со Министерството за Спорт, поранешна Агенција за Млади и Спорт, и потоа ќе се спроведе постапката како што пропишува Законот за јавните набавки.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Електрична енергија.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: Електрична енергија е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 10**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Заменик на претседателот на Советот
Селвер АЈДИНИ, с.р

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги / Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele * СКОПЈЕ / SHKUP *